Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх. бр.УП1-15-2717/2023

Дата: 03-01-2024

Арх. знак
Рок на чување
20 год.
Потпис,

До: Општина Кавадарци
Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци
Република Северна Македонија

Предмет: Достава на Решение за Спроведување на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина
Врска: Ваш бр. 11-828/38 од 15.12.2023 год.

Почитувани,

Во врска со Вашето барање под бр. 11-828/38 од 15.12.2023 год. доставено до Министерство за животна средина и просторно планирање - Сектор за просторно планирање под **бр. УП1-15-2717/2023 од 26.12.2023 год.** во однос на Одлука за неспроведување на Стратегиска оцена на влијание врз животна средина поврзано со планскиот документ **Урбанистички план за село Дабниште, КО Дабниште, – Општина Кавадарци,** а врз основа на член 65 став 13 од Законот за животната средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22), Министерство за животна средина и просторно планирање донесе Решение со кое ве задолжува да спроведете постапка за Стратегиска оцена на влијание врз животна средина поврзано со планскиот документ **Урбанистички план за село Дабниште, КО Дабниште, – Општина Кавадарци,**

Со почит,

МИНИСТЕР
Каја Шукова

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: Бајрам Цамиќ

Одобрил: Дајана Марковска Ристеска
Ј. Марк

Прилог: Решение за спроведување на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина со бр.УП1-15-2717/2023 год.


Министерство за животна срединаи просторно ланирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësor dhe Planifikimit
hapësinore e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх. бр.УП1-15-2717/2023
Дата: 03 -01- 2024

Правен основ

Врз основа на член 65 став 13 од Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22), Министерство за животна средина и просторно планирње донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

## за спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

За планскиот документ Урбанистички план за село Дабниште, КО Дабниште, – **Општина Кавадарци,** потребно е да се спроведе Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина.

Образложение

Општина Кавадарци достави Одлука за неспорведување на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина под бр. 11-828/36 од 15.12.2023 год. за изработка на плански документ **Урбанистички план за село Дабниште, КО Дабниште, – Општина Кавадарци,** и формулар под бр. 11-828/37 од 15.12.2023 год., до Министерството за животна средина и просторно планирање.
По разгледување на Одлуката, формуларот и копија од Синтезен План се констатира дека:
Планскиот опфат на селото Дабниште во еден дел навлегува во сливот на акомулацијата на Тиквешко Езеро. Бидејки акумулациите се водостопански објекти кои овозможуваа долгорочно покривање на потребите од вода за населението и индустријата, обезбедуваат вода за наводнување на обработливите површини и за производство на електрична енергија, потребно е да се применуваат мерки за целосна заштита на сливните подрачја на акумулациите. Во сливовите на акумулациите


Министерство за животна срединаи просторно ланирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e MjedisitJetësor dhe Planifikimit
hapësinore e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

потребно е да се врши пошумување, забрането е непланска сеча на шума или изведба на активности кои би можеле да ги сменат природните услови поради што би можело да дојде до лизгање на теренот, појава на ерозија, создавање на суводолици и порои или влошување на квалитетот на водата во акумулацијатаи ќе има влијание врз животна средина.

Во контекст на понапред кажаното согласно член 65 став (2) од Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22) и согласно член 1 и член 3 став (11) и (17) од Уредба за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето ("Сл.весник на РМ" бр. 153/07 и 45/11), за изработка на плански документ **Урбанистички план за село Дабниште, КО Дабниште, – Општина Кавадарци**, Министерството за животна средина и просторно планирање, Ве задолжува да спроведете Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина и здравјето на лугето.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Со почит,

МИНИСТЕР
Каја Шукова

Изработил: Бајрам Цамиќ

Одобрил: Дајана Марковска Ристеска

**Доставено и до:**

- Архива
- Органот

* Решението се објавува на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање www.moepp.gov.mk


Министерство за животна срединаи просторно ланирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësor dhe Planifikimit
hapësinore e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk